**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

# УРЕДБА
## За определување на подрачјето што го опфаќаат регионалните центри за управување со кризи

**Скопје, март 2006 година**

Врз основа на член 23, став 3 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.05.2006 година, донесе

**У Р Е Д Б А**

# За определување на подрачјето што го опфаќаат регионалните центри за управување со кризи

Член 1

Со оваа уредба се определува подрачјето што го опфаќаат регионалните центри за управување со кризи во Република Македонија.

Член 2

Подрачјето на регионалните центри за управување со кризи, формирани во Центарот за управување со кризи ги опфаќа подрачјата на една или повеќе општини утврдени согласно закон и тоа:

1. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Берово ги опфаќа подрачјата на општините Берово и Пехчево;
2. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Битола ги опфаќа подрачјата на општините Битола, Новаци и Могила;
3. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Валандово го опфаќа подрачјето на општината Валандово;
4. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Велес ги опфаќа подрачјата на општините Велес, Чашка и Градско;
5. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Виница го опфаќа подрачјето на општината Виница;
6. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Гевгелија ги опфаќа подрачјата на општините Гевгелија, Богданци и Дојран;
7. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Гостивар ги опфаќа подрачјата на општините Гостивар, Врапчиште и Маврово-Ростуша;
8. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Дебар ги опфаќа подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа;
9. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Делчево ги опфаќа подрачјата на општините Делчево и Македонска Каменица;
10. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Демир Хисар го опфаќа подрачјето на општината Демир Хисар;
11. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Кавадарци ги опфаќа подрачјата на општините Кавадарци и Росоман;
12. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Кичево ги опфаќа подрачјата на општините Кичево, Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј;
13. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Кочани ги опфаќа подрачјата на општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево;

14. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Кратово го опфаќа подрачјето на општината Кратово;
15. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Крива Паланка ги опфаќа подрачјата на општините Крива Паланка и Ранковце;
16. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Крушево го опфаќа подрачјето на општината Крушево;
17. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Куманово ги опфаќа подрачјата на општините Куманово, Старо Нагоричане и Липково;
18. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Македонски Брод ги опфаќа подрачјата на општините Македонски Брод и Пласница;
19. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Неготино ги опфаќа подрачјата на општините Неготино и Демир Капија;
20. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Охрид ги опфаќа подрачјата на општините Охрид и Дебарца;
21. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Прилеп ги опфаќа подрачјата на општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани;
22. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Пробиштип го опфаќа подрачјето на општината Пробиштип;
23. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Радовиш ги опфаќа подрачјата на општините Радовиш и Конче;
24. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Ресен го опфаќа подрачјето на општината Ресен;
25. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Свети Николе ги опфаќа подрачјата на општините Свети Николе и Лозово;
26. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Струга ги опфаќа подрачјата на општините Струга и Вевчани;
27. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Струмица ги опфаќа подрачјата на општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село;
28. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Тетово ги опфаќа подрачјата на општините Тетово, Боговиње, Брвеница, Јагуновце, Желино и Теарце;
29. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Штип ги опфаќа подрачјата на општините Штип и Карбинци;
30. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Гази Баба ги опфаќа подрачјата на општините Гази Баба, Арачиново, Илинден и Петровец;
31. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Карпош ги опфаќа подрачјата на општините Карпош Ѓорче Петров и Сарај;
32. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Кисела Вода ги опфаќа подрачјата на општините Кисела Вода, Аеродром, Зелениково, Сопиште и Студеничани;

33. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Центар го опфаќа подрачјето на општината Центар;
34. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Чаир ги опфаќа подрачјата на општините Чаир, Бутел, Шуто Оризари и Чучер-Сандево и
35. Подрачјето на регионалниот центар за управување со кризи со седиште во Град Скопје ги опфаќа подрачјата на регионалните центри Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 19-1868/1
9 мај 2006 година
С к о п ј е

Претседател на Владата
на Република Македонија
Д-р Владо Бучковски